ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ – СКОПЈЕ

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 10-67/5
02 04 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 28 став 4 и член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров упатува:

# П О В И К
## за учество на јавна презентација и јавна анкета по Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман, Блок 2, Општина Ѓорче Петров, плански период 2024-2034, Предлог план

Повикот за учество на јавната презентација и јавна анкета се упатува до сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот опфат.

Предмет на јавната презентација и јавната анкета е **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман, Блок 2, Општина Ѓорче Петров, плански период 2024-2034, Предлог план, со техн. бр. 67/2024 од март 2026, изработен од ИН ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје**

Јавната анкета ќе трае ќе се спроведе во периодот од **27 04.2026 год. до 29.05.2026 год.,** во кој рок може да се доставуваат забелешки и предлози од учесниците на јавната анкета и презентација, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и по електронски пат до веб адресата на општината, e-mail: kontakt@opstinagpetrov.gov.mk и во писмена форма со доставување на анкетни листови преку архивата секој работен ден од 8-16 часот, кои можат да се добијат од архивата или од веб страната на општината.

Јавната презентација ќе трае еден работен ден, а ќе се одржи на **29.04.2026 год.** (среда), со почеток во **$14^{00}$** часот , во просториите на Општина Ѓорче Петров, сала на приземје.

Графичкиот прилог на предлог планот ќе биде изложен во просториите на општинската зграда на Општина Ѓорче Петров, на ул. „Ѓорче Петров"22- Ѓорче Петров, Скопје и на веб страната на општината.

Опфатот на **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман, Блок 2, Општина Ѓорче Петров**, е сместен во северозападниот дел на селото

и го зафаќа блокот **2**, дефиниран со постојниот Урбанистички план за село Орман, Општина Ѓорче Петров (2009-2019).

**Границите на опфатот** се совпаѓаат со границите на **Блокот 2** дефиниран во важечкиот Урбанистички план за Село Орман, општина Ѓорче Петров, донесен со Одлука бр. 07-42/4 од 22.01.2010 год:

- На **Север** границата се движи по осовината на планираната улица 4 со важечкиот Урбанистички план за село Орман.
- На **Исток** границата се движи по осовината на планираната улица 8 со важечкиот Урбанистички план за село Орман
- На **Југ** се движи по осовината на планираната улица 3 со важечкиот Урбанистички план за село Орман
- На **Запад** границата се движи по осовината на планираната улица 6 со важечкиот Урбанистички план за село Орман

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **9,05** ha.

МАПА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ






**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Александар Стојкоски**

**Изработил:**
Е. Ќулумоска, д.и.а. ____________
**Одобрил:**
Ф. Ефтимов д.и.а.____________